**2021041618**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 24-а став (9) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), министерот за образование и наука во согласност со министерот за информатичко општество и администрација, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА АКРЕДИТАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА НАСТАВНИЦИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАТПРЕВАРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на барањето и потребната документација за издавање на акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците во средните училишта.

Член 2

Образецот од член 1 од овој правилник, се печати на хартија со бела боја во А4 формат и е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за образецот на барањето и потребната документација за издавање на акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците во основните, односно средните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 183/16).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-945/1
15 февруари 2021 година
Скопје

Министер
за информатичко општество и
администрација,
**Јетон Шаќири,** с.р

Бр. 18-2739/1
12 февруари 2021 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска,** с.р.

**Прилог**

**БАРАЊЕ**

**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА АКРЕДИТАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА НАСТАВНИЦИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА**

Почитувани,

Врз основа на јавниот конкурс објавен на ден ____.____.________ година, за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари за ученици од средните училишта, Здружението на наставници

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

*(име на здружението на наставници)*

доставува барање за акредитација на здружението за организирање на натпревари за учениците од средните училишта по наставниот предмет (сроден предмет или научна област на која припаѓа наставниот предмет) ________________________________________________________________.

*(име на наставен предмет)*

Датум: Потпис:

| Податоци за здружението на наставниците | |
|---|---|
| Име на здружението на наставници | |
| Претседател на здружението на наставници | |
| Наставен предмет (сроден предмет или научна област на која припаѓа наставниот предмет)за кој здружението организира натпревари | |
| Контакт лице | |
| Мобилен телефон | |
| Адреса на здружението | |
| e-mail адреса | |
| Телефон | |
| Факс | |
| Интернет страница | |

Прилози кон барањето/ потребна документација:

| | |
|---|---|
| 1 | Документ за регистрирана дејност |
| 2 | Тековна состојба на здружението на наставници |
| 3 | Биланс на состојба и биланс на успех на здружението на наставници |
| 4 | Статут на здружението на наставници |
| 5 | Правилник за организирање на натпреварите на здружението на наставници |
| 6 | Тригодишен календар за спроведување на натпреварите во средните училишта во кои ќе бидат содржани наставните предмети (сродниот предмет или научната област на која припаѓа наставниот предмет), временскиот период за реализација на натпреварите и одговорните наставници кои ќе бидат вклучени во организиацијата и реализацијата на натпреварите |

Документите под реден број 1, 2 и 3 од Централиот регистар на Република Северна Македонија се прибавуваат по службена должност од страна на овластено лице на комисијата за акредитација на здруженија на наставници.